ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:30-60/6

Дата:07.03.2011

**ДО**
**ОПШТИНА ЧАИР**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Чаир за 2009 година.

При ревизијата беа земени во предвид препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година, при што е утврдено дека е постигнат задоволителен напредок во имплементацијата на дадените препораки.

За финансиските извештаи за 2009 година на сметката на основен буџет (637) на Општина Чаир изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста како и за усогласеност со закони и прописи.

Во Општина Чаир не се воспоставени интерни контроли во процесот на плаќање.
На членовите на советот исплаќани се надоместоци во полн износ и кога не присуствувале на седници на Советот при што се исплатени повеќе средства во износ од 1.009 илјади денари.
Во текот на 2009 година континуирано се ангажирани 47 лица преку две агенции за привремени вработувања и со договори за дело во кои не е одреден видот на работите кои треба да ги извршуваат.
Донесена е  Одлука за критериумите и постапката за распределба на финансиски средства на здруженија на граѓани, фондации и спортски друштва со која е утврдено распределбата на средствата да се спроведе врз основа на јавен повик, во 2009 година јавен повик не е објавен. Трансферирани се средства во вкупен износ 2.020 илјади денари до невладини организации, спортски клубови, студенти и

посдипломци врз основа на поднесени барања, без претходно изготвени соодветни програми.
За надминување на утврдените состојби ревизијата даде препораки со кои се препорачува градоначалникот да донесе пишани процедури со јасно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во општинската администрација во функција на воспоставување на внатрешните контроли, при исплатите на советниците истите да се вршат врз основа на веродостојни и потврдени документи, Советот да донесе Програми на кој ќе се темелат исплатите за спорт, за помош за студирање на студенти, а при вработување да се почитуваат одредбите од Законот за државни службеници и Законот за работни односи.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи кои се прикажани на страните од 13 до 15 заедно со ревизија на усогласеност со законските прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Чаир за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет(637) на Општина Чаир за 2005 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Чаир под 31 декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, изразено е негативно мислење, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Изет Меџити, градоначалник во 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално

погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (637) на Општина Чаир за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од

материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 18.11.2010 до 07.12.2010 година кај Општина Чаир од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година.

**4. Наоди и препораки**

Неправилностите кои се предмет на овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и раководните лица на субјектот на 22.12.2010 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 12-60/2 од 11.01. 2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли во процесите**

4.1.1. При оценка на интерните контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање, што не е во согласност со член 5 и член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и членот 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
Причина за овие ризици е следното:

- недонесни пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при контрола на сметководствена документација и плаќањата за набавените стоки, извршените услуги и работи;
- иако има одговорен сметководител истиот не врши контрола и потврдување на сметководствената документација, и
- во текот на 2009 година нема внатрешен ревизор.

Од март 2010 година вработено е лице внатрешен ревизор.
Воспоставувањето на контролни системи овозможува извршување на активностите на транспарентен, регуларен, економичен, ефикасен и ефективен начин, а невоспоставената внатрешна контрола создава ризик од плаќања по некомплетна документација и повисоки расходи.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да донесе пишани процедури во кои јасно ќе бидат утврдени надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на набавка и плаќање на стоки, услуги и работи.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Извршениот попис за 2009 година не е во согласност со членот 31-а и 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поради тоа што:

- со пописот извршено е утврдување на состојбата на опремата и ситниот инвентар на лице место, во пописните листи се наведени називите на средствата и количината без да се внесе инвентарен број,
- не е извршен попис на објектите, и
- не е извршен попис на обврските спрема добавувачите, не е утврдена правната основа за постоење и старосната структура на истите.

Ваквиот начин на постапување придонесува за постоење можност од нереално прикажување на средствата и изворите на средствата и до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
При вршењето на пописот за 2010 година да бидат преземени мерки во функција на целосно спроведување на пописот и тоа:

- попис на обврските со утврдување на правната основа за постоење и старосната структура на истите;
- внесување на инвентарни броеви на опремата, и
- да се изврши попис на објектите кои се во сопственост на Општината.

4.2.2. На ставката Други градежни објекти се евидентирани расходи за кои не се обезбедени дел од документите предвидени со Законот за градење и тоа:

- за реконструкција на улици, односно крпење на ударни дупки не се изготвува извештај за реализираните работи;
- за реконструкција на објекти кај корисниците и тоа за изведба на осветлување на градинка и за изградба на фасада, промена на подни подлоги и изведба на ограда во општинските основни училишта не се изготвува: градежен дневник, записник за изведени работи и записник за примопредавање;
- за промена на подни подлоги времените ситуации не ги вклучуваат предходно извршените работи што е спротивно на усвоената пракса во градежништвото.

Непочитувањето на Законот за градење, недостигот на целосна документација со прилози како потврда за извршените работи, создава ризик од намалена транспарентност во работењето на службите на општината, неисполнување на обврските од страна на изведувачите и надзорниот орган кои произлегуваат од склучените договори и до нереални и необјективни трошоци.

**Препорака:**
Надлежните служби да обезбедат следење и контрола на работите кои што се извршуваат и да обезбедат потребна документација за истите која ќе ја потврди извршената активност.

4.2.3. Општина Чаир за надзор над градбите што ги гради одредува лица со соодветна стручна спрема од редот на вработените врз основа на решение од градоначалникот. Ова не е во согласност со одредбите на член 29 од Законот за градење, според кој, инвеститорот определува правно лице регистрирано во Централниот регистар за вршење соодветна дејност што ќе ги врши работите на надзор, а правното лице определува, односно именува надзорен инжинер за вршење на надзор над соодветната градба. Изборот на надзор треба да се врши со постапка согласно Законот за јавни набавки. Ваквото постапување го зголемува ризикот од извршување на работи и работни задачи од лица кои не се носители на соодветна лиценца.

**Препорака:**
Општината за избор на надзор на градба да спроведува постапки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки при што ќе се ангажираат субјекти со лиценца за оваа дејност.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. На советниците од советот на Општина Чаир им се исплатува месечен надомест за присуство на седници во износ утврден со Законот за исплата на плати на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката, но при тоа не се води грижа дали советникот присуствувал или не присуствувал на седница, така во текот на 2009 година на име надомест за советници за присуство на седници и паушал (за два месеца) повеќе се исплатени 1.009 илјади денари. Ваквиот начин на исплата на надоместоци на советниците не е во согласност со член 29 точка а и г од Законот за исплата на плати на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката. Непочитувањето на законските одредби доведува до ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства.

**Препорака:**
Исплатите да бидат врз основа на заверени и потврдени списоци за присуство на советниците на седниците на советот.

4.3.2. Во 2009 година во Општина Чаир направени се расходи во вкупен износ од 2.304 илјади денари за користени услуги на мобилна телефонија. Овие расходи се за период од месец декември 2008 до месец октомври 2009 година. Градоначалникот на Општината донел решение со кое се утврдува на кои лица и до кој износ се доделува право на користење службен мобилен телефон, но на одредени лица е одобрено користење на повеќе мобилни телефони без лимит за ограничување на трошоците. Во истото решение е утврдено дека при надминување на утврдениот лимит ќе се задржува од плата. Ваквата одредба од решението не се спроведува во целост односно во поодделни месеци трошоците за одделни телефони го надминуваат износот на платата која лицето ја прима. Ваквиот начин на работење ги нарушува основните буџетски начела за економично и ефективно трошење на средствата од буџетот.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да донесе акт со кој за сите вработени ќе се дефинира лимит на трошоци кои ќе се надоместуваат од средства на Општината и користење само еден службен телефон. Расходите над лимитот да се надоместуваат од лицата кои ги направиле.

4.3.3. Од позицијата Договорни услуги на вработените во општинската администрација на Општина Чаир исплатени се награди во износ од 1.620 илјади денари, кои исплати не се во согласност со член 61 од Законот за државни службеници, член 2 и член 4 став 2 од Упатството за поблиски критериуми за доделување парична награда на државните службеници. Државниот службеник може да биде награден повеќе пати во текот на годината врз основа на оценување, на предлог на непосредниот раководител врз основа на критериуми утврдени во Упатството.
Непочитувањето на законската регулатива во делот на исплатите на плати и надоместоци, придонесува за ненаменско трошење на средствата и зголемени расходи.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице е должен да обезбеди законска основаност за исплатите на име награди.

4.3.4. Во текот на 2009 година исплатен е вкупен износ од 5.967 илјади денари по основ на:

- времени вработувања преку две Агенции за привремени вработувања исплатен износ од 2.676 илјади денари за 14 лица ангажирани континуирано во текот на годината. Во договорите не е одреден видот на работите кои ќе ги вршат привремено ангажираните работници. Согласно законските одредби Агенцијата за привремени вработувања може врз основа на договор да отстапи работник и тоа за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности. За вработените преку Агенцијата за привремени вработувања не се однесува Законот за државни службеници кој обезбедува еднаквост, јавност и транспарентност при вработувањето преку јавен оглас, полагање стручен испит, рангирање на кандидатите според успешноста. Вработувањето на лицата преку Агенциите за привремени вработувања остава простор за субјективно одлучување и не обезбедува фер конкуренција, и
- договори на дело за вршење на работи исплатен е износ од 3.291 илјади денари, односно во подолг временски период (подолг од шест месеци во континуитет) ангажирани се 33 лица (од кои 12 лица за спортска сала Партизан, едно лице за музеј на Слободата), што не е во согласност со општите одредби за договор за дело, членот 619 од Законот за облигациони односи предвидува ангажирање на лице по основ на договор на дело за вршење на определена работа. Ангажирањето на лица по основ на договор за дело ја спречува транспарентноста и конкуренцијата при вработувањето, овозможува ангажирање на лица без почитување на законски утврдените процедури, субјективизам при приемот, непресметани и неплатени

придонеси и нереално искажани расходи во сметководството и Билансот на приходи и расходи за 2009 година.

Според Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Чаир од 2008 година систематизирани се вкупно 121 работно место а на неопределено време вкупно се вработени 57 лица.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината согласно потребите и можностите на Општината пополнувањето на систематизираните работни места да го врши согласно законски пропишаните процедури за остварување на квалитетна, независна и професионална администрација.

4.3.5. Советот на Општина Чаир донел Одлука за критериумите и постапката за распределба на финансиски средства на здруженија на граѓани и фондации и спортски друштва, во кој јасно е дефинирана постапката за доделување на средствата од Буџетот на Општината. Од позицијата трансфери исплатени се вкупно 2.020 илјади денари по поднесени поединечни барања од физички и правни лица и тоа по следните основи:

- на студенти и постдипломци, за помош за студирање на факултетите во Република Македонија исплатен е износ од 381 илјада денари. Средствата се доделени по поединечни барања, без утврдени критериуми и услови за нивно доделување и без Програма донесена од советот;
- до невладини организации и здруженија на граѓани исплатен е износ од 969 илјади денари, и
- до спортски клубови исплатен е износ од 670 илјади денари.

Во Одлуката за критериумите и постапката за распределба на финансиски средства на здруженија на граѓани и фондации и спортски друштва утврдено е дека распределбата на средствата ќе се спроведе врз основа на јавен повик кој се објавува во Службен гласник и веб страна на Општина Чаир, но во 2009 година ваков повик не е објавен. Овие средства се доделени по поединечни барања, без претходно изготвени соодветни програми.

Непостоењето на програми и акт со утврдени критериуми за доделување на средства создава можност од субјективност во одлучувањето, нетранспарентност, незаконско и ненаменско користење на средствата.

Во текот на 2010 година објавен е јавен повик за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, и извршен е избор и донесена Одлука за доделување на финансиските средства на здруженијата на граѓани.

**Препорака:**

- Општината доделувањето на средствата по основ на трансфери до здруженија и граѓани да го врши на транспарентен начин согласно Законот за здруженија и фондации, и
- доделувањето на средства за студенти и постдипломци да биде врз основа на

донесена Програма од советот со утврдени критериуми и услови за доделување на средства за образование.

4.3.6. Постојаните средства во Билансот на состојба се нереално и необјективно прикажани поради следното:

- извршено е евидентирање на земјиште по имотен лист доделено во сопственост на општина Чаир, иако земјиштето е во сопственост на Република Македонија;
- не е извршена проценка на вредноста на имот добиен согласно Решението број 23-257/119 од 23.02.2000 година донесено од Владата на Република Македонија, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Чаир, и имотот врз основа на спроведен делбен биланс со Општина Бутел;
- не е извршено евидентирање на извршените вложувања од страна на Стопанска банка и Уни банка во деловниот објект на Општина Чаир ( административната зграда на Општината) согласно договорот за закуп на издадениот простор;
- за дел од опремата пресметаната амортизација е со стапки кои не се усогласени со стапките за отпис во Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
- нема пресметано годишна ревалоризација на материјалните средства за 2009 година, што не е во согласност со членовите 28 и 28-а од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, и
- не се евидентирани вложувањата во материјални средства (објекти од комуналната инфраструктура) по објекти како зголемување или инвестиции во тек .

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Чаир да иницира да се изврши проценка на недвижниот имот доделен на Општина Чаир и да се пропише сметководствена политика за евидентирање на капиталните вложувања на соодветните позиции за материјалните и нематеријалните средства и државниот- јавен капитал.
Одделението за сметководство да преземе активности:

- за објектите за кои постојат имотни листи утврдената вредност со проценка сметководствено да ја евидентира, за останатите утврдената вредност да се искаже вонбилансно до моментот на обезбедување на имотни листи;
- да воспостави евиденција на Инвестициите во тек по објекти;
- да ги усогласи стапките за исправка на вредноста на објектите и опремата според пропишаните во правилникот, и
- да врши годишна ревалоризација.

**4.4. Користење на средствата согласно законските прописи**

4.4.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во 2008 и 2009 година во Општина Чаир, кои имаат влијание на финансиските извештаи за 2009 година, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки во делот на заедничките одредби за постапките за доделување на договор за јавни набавки, доделување на договор за работа и тоа:

- нема изјави за постоење/непостоење на судир на интереси потпишани од членовите на комисијата за јавни набавки, што не е во согласност со член 173 став 11 од Законот за јавни набавки;
- при спроврედување на постапките за доделување на договор за јавна набавка кај критериумот економски најповолна понуда најчесто користени елементи се: цената, начин и рок на плаќање, квалитет и гаранција (како еден елемент), рок на извршување на работите, кои елементи јасно не се дефинирани во огласот за доделување на договор за јавна набавка, нема објаснување во тендерската документација како ќе се вреднуваат и применуваат одделните елементи, што не е во согласност со член 161 став 3 и 4 од Законот и член 3 од Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови. Пресметување на бодови има за елементот цена, начин и рок на плаќање, рок на извршување на работите и гаранција, но не и за елементот квалитет (кој се поистоветува со елементот гаранција за квалитет на изведени работи);
- по спроведување на отворени постапки во 2008 и 2009 година, не е доставено известување за склучен договор до Бирото за јавни набавки за објавување на веб страната на Бирото во рок од 30 дена, што не е во согласност со член 55 од Законот.

4.4.2. Во 2008 година спроведена е отворена постапка која има влијание на финансиските извештаи за 2009 година, и отворена постапка во 2009 година што не се во согласност со законските одредби, односно извршените работи го надминуваат износот на средствата предвидени со одлуката за јавна набавка што не е во согласност со член 28 од законот и тоа:

- за хортикултурно уредување и одржување на парковски површини на подрачјето на Општина Чаир за 2009 година, постапка 05-2045/2008 износот на извршените работи по завршна ситуација го надминува износот на одлуката за јавна набавка за 8.140 илјади денари, и
- отворена постапка во 2009 година 05-1351 за услуги за уривање на бесправно изградени и поставени објекти во Одлуката за јавна набавка предвидени се 1.500 илјади денари а склучен е договор со најповолниот понудувач на износ од 2.000 илјади денари.

4.4.3. За извршени набавки на стоки и услуги (ангажирање на лица за привремено вработување, печатење, набавка на средства за хигиена, пијалоци за бифето, набавка на канцелариски материјали и кертрици, осигурување на возила, спроведување на јавна анкета) во 2009 година во вкупен износ од 1.843 илјади денари не се спроведени постапки со барање за прибирање на понуди, што не е во согласност со член 100 од Законот (Прилог 2 од Извештајот).

**Препорака:**
За сите набавки на стоки, работи и услуги субјектот да ги почитува законските одредби во функција на рационално и ефикасно искористување на средствата.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката основен буџет (637) на Општина Чаир на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2., 4.3. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката основен буџет (637) на Општина Чаир, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 18.02. 2011 година

ОПШТИНА ЧАИР

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 104.196 | 145.806 |
| **Вкупно приходи** | | **104.196** | **145.806** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 26.742 | 25.661 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 216 | 636 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 36.107 | 62.604 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 4.335 | 7.132 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 309 | 968 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **67.709** | **97.001** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 36.487 | 48.805 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **36.487** | **48.805** |
| **Вкупно расходи** | | **104.196** | **145.806** |

ОПШТИНА ЧАИР

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 56.517 | 12.055 |
| **Вкупно тековни средства** | | **56.517** | **12.055** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 3.128 | 3.128 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 35.430 | 32.859 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 91.502 | 94.616 |
| **Вкупно постојани средства** | | **130.060** | **130.603** |
| **Вкупна актива** | | **186.577** | **142.658** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 55.020 | 10.538 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 1.497 | 1.517 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 91.502 | 94.616 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **148.019** | **106.671** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 38.558 | 35.987 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **38.558** | **35.987** |
| **Вкупна пасива** | | **186.577** | **142.658** |

ОПШТИНА ЧАИР

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 ден. |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **35.987** | **35.987** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **5.260** | **5.260** |
| Набавки | 5.260 | 5.260 |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **2.689** | **2.689** |
| Амортизација | 2.689 | 2.689 |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **38.558** | **38.558** |

ОПШТИНА ЧАИР

ОСВРТ НА РЕВИЗИЈАТА ОД ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ – СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ

**Прилог 1**

**Резултати**

од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Општина Чаир на сметката на основен буџет (637)

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **11.1** | **Неправилна примена на акти** | | | |
| 11.1.1. | Општина Чаир во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-1430/34 од 23.03.1999 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Чаир врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на РМ. Во врска со имотот со кој располага и е сопственост на општината нема обезбедено имотни листи од Републичката геодетска управа. Причина за тоа е неажурноста на надлежните служби на општина Чаир. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2005 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината. | На основа решението и имотните листи кои треба да се обезбедат од републичката геодетска управа, да се изврши евидентирање на материјалните средства сопственост на општина Чаир. | Делумно спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.1.2. | За патувањата во странство на градоначалникот советот не донел решение, и за патувања на вработените во странство градоначалникот не донел решение. Тоа не е во согласност со одредбите од Уредбата за издатоците за службено патување и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци. Непочитувањето на одредбите од наведената Уредба доведува до незаконско трошење на средствата без одобрување од надлежните органи. | За секое патување на градоначалникот на општината во странство советот да донесува решение, а за патување на останатите вработени во странство градоначалникот да донесува решение. | Спроведена | |
| | **11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела** | | | |
| 11.2.1. | Евидентирањето на ситниот инвентар не се врши согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, бидејќи при набавката не се врши зголемување на деловниот фонд, а при давање во употреба со евидентирањето на исправката на вредноста на ситниот инвентар не се евидентира намалување на деловниот фонд. Со ваквиот начин на евидентирање на ситниот инвентар се нема увид во состојбата на залихите на ситен инвентар и ситен инвентар во употреба како и се нема политика за евидентирање на истите. | Надлежните служби да утврдат соодветна сметководствена политика за евидентирање на ситниот инвентар и истата да ја применуваат во целиот пресметковен период. | Не е спроведена | |
| 11.2.2. | За евидентирање на набавката и давањето во | Набавката на | Спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | употреба на материјалите нема утврдено сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Тоа се јавува поради не примена на одредбите од претходно споменатиот пропис. Немањето на пишани процедури придонесува да не се изготвуваат приемници при приемот и испратници на основа требувањата од пооделните оделенија и служби на општината. Не евидентирањето на приемот и издавањето на материјалите придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење. | материјали треба да се регулира со општ акт со кој:<br>- ќе се утврди потребата за набавка;<br>- ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице;<br>- ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатници/требување. | | |
| 11.2.3. | Општина Чаир има и располага со материјални средства како што се сервисни и стамбени улици, деловни објекти, патишта и тротоари и слично, кои не се евидентирани во сметководствената евиденција на општината на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради непримена на | Да се воведе пракса за евидентирање на капиталните вложувања на соодветните конта за материјалните и нематеријалните средства и државниот- јавен капитал. | Делумно спроведена | Се евидентира само опремата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | претходно наведените прописи се јавува нереално искажување на материјалните средства и изворите на истите. | | | |
| 10.2.6 | Со увидот во благајничкото работење, ревизијата констатира дека не секогаш при исплатата во готово се изготвува документ каса исплати што е спротивно на Законот за платен промет и одредбите за благајничко работење. Поради тоа ревизијата не можеше да се увери дека средствата се исплатени за наведените намени. Таквиот начин на благајничко работење и располагање со готовите пари може да доведе до ненаменско трошење на средствата и до можни злоупотреби на истите. | За исплатените средства од благајната да се изготвува каса исплата со приложени веродостојни сметки како основ за книжење. | Спроведена | |
| **11.3.** | **Неправилности во искажување на приходите и расходите** | | | |
| 11.3.1. | Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи, е преценета во вкупен износ од 1.377 илјади денари, поради исплата на поголеми износи на надоместоци и тоа:<br>- за повеќе исплатени надоместоци на советници за учество на седниците на советот одржани во 2005 година за месеците од април до декември, во вкупен износ од 881 илјада денари поради исплата на поголем износ од износот кој претставува 30% од просекот на плати исплатен | | Делумно спроведена | Стариот состав на советот – за советниците има исплата за дневни трошоци за учество во работни тела месечен надоместок 5 илјади денари<br><br>Нема паушал за градоначалникот и претседателот на советот<br><br>За новиот состав на советниците нема исплати спротивно на законските одредби |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | во претходните три месеци, по одржана седница, што е спротивно на Законот за локална самоуправа;<br>- за повеќе исплатени надоместоци-паушали на градоначалникот во износ од 287 илјади денари и<br>- за повеќе исплатени надоместоци-паушали на претседателот на советот во износ од 209 илјади денари.<br>Поради тоа што во почетокот на 2006 година е донесена одлука според која исплатата на надоместоците на советниците е утврдено да се врши во износите кои се утврдени со позитивните законски прописи во Република Македонија, а паушалите на градоначалникот и претседателот на советот по нивно барање престанале да се исплатуваат, ревизијата за овој наод не дава препорака. | | | |
| 11.3.2. | На Ставката стоки и услуги евидентирани се трошоци во износ од 141 илјада денари за исплата на трошоци за патување во странатво (Турција) на добавувачот „Дрина транс тур„ Истанбул. На фактурите не е наведено за патување на колку лица се работи односно нема количини и цени, само е наведено трошоци за сместување и патување во Турција. Од разговорите со надлежните од сметководството | Средствата на општинскиот буџет да се трошат согласно надлежностите утврдени со Законот за локална самоуправа. | Спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ревизијата се увери дека се работи за туристичко патување на вработените во месец декември 2004 година непосредно пред Нова година. Исплатата на овие средства не е во согласност со надлежностите на општината пропишани со Законот за локална самоуправа.<br>Непочитувањето на законската регулатива придонесува до незаконско и ненаменско трошење на средствата на општината. | | | |
| 11.3.3. | На ставката Стоки и услуги во Билансот на приходи и расходи евидентирани се расходи во износ од 2,135 илјади денари со некомплетна финансиска документација како основ за книжење и тоа:<br>- сметкопотврди без фискални сметки во износ од 365 илјади денари;<br>- фактури без испратници и спецификации за извршените работи во износ од 1.320 илјади денари и<br>- исплата на штета за времена експропријација без проценка на штета само на основа договор со градоначалникот во износ од 250 илјади денари.<br>Евидентирањето на трансакциите без веродостојна, вистинита и комплетна сметководствена документација е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и придонесува | Надлежната служба во општината да ги почитува одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и евиденцијата на финансиските трансакци да ја врши на основа веродостојна и комплетна документација. | Спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за искажување на нереални трошоци. | | | |
| 11.3.4. | Склучен е договор со Урбан инвест број 08-136/10 од 02.06.2004 година за поплочување со павер елементи на простор во ТЦ Бутел 1 во износ од 2.846 илјади денари. Склучен е анекс кон основниот договор број 08-136/13 од 10.12.2004 година на износ од 569 илјади денари. За склучениот анекс договор нема записник за неопходноста за потребни дополнителни инвестициони и градежни работи за веќе договорената набавка пред завршување на изведбата од основниот договор. Со увид во ситуациите и градежните книги се констатира дека има голема разлика меѓу позицијата валирање на подлога која изнесува 2.935 м2 и позицијата вградени павер елементи 808,80 м2. Истото е потврдено од надзорниот орган при општината со образложение дека разликата произлегува од друг договор и се однесува за изведени позиции валирање и чистење на шут кој е фактуриран како валирање поради тоа што е со повисока цена. Ваквата состојба создава сомнеж и ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на искажаните расходи. | Документацијата за извршените работи да биде спрема вистински изведените работи и да е во согласност со одредбите од склучените договори. | Спроведена | |
| **11.4.** | **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба** | | | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.4.1. | Не е извршен попис на обврските со состојба на 31.12.2005 година, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Решението на градоначалникот за формирање комисија за вршење на овој вид на попис. Поради тоа помеѓу искажаната состојба на обврските според вонбилансната евиденција и состојбата на обврските по делбениот биланс со општина Бутел се јавува разлика од 446 илјади денари. Ефектот од тоа е нереално искажана состојба во финансиските извештаи на 31.12.2005 година. | Согласно обврските од законските прописи и интерните акти да се врши попис на обврските со што реално ќе се искаже состојбата по овој основ. | Не е спроведена | Книговодствено има евиденција |
| 11.4.2. | Во сметководството и Билансот на состојба на општина Чаир на 31.12.2005 година на вонбилансната евиденција, вонбилансна актива и вонбилансна пасива, е искажана состојба од 52.777 илјади денари која ја претставува состојбата на побарувањата на општината во износ од 24.613 илјади денари и состојбата на обврските во износ од 28.164 илјади денари. Тоа е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници според кој обврските се искажуваат во сметководството на Органот на општината, а побарувањата се искажуваат во сметководството на Буџетот на општината, а не на вонбилансна евиденција. Поради тоа | -Надлежните во општина Чаир евидентирањето на побарувањата и обврските да го вршат согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и согласно Правилникот за сметковниот план на буџетите и | Спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ___________________________

*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | извршено е потценување на состојбата на сметката Активни временски разграничувања и потценување на сметката Обврски спрема добавувачите за износ од 28.164 илјади денари и преценување на состојбата на вонбилансната евиденција Актива и Пасива за износ од 52.777 илјади денари. Ефектот е нереално искажани состојби во Билансот на состојба на 31.12.2005 година на сметката на Органот на општина Чаир. | буџетските корисници и -Во сметководството да се извршаат соодветни корекции имајќи го во вид наодот и сметководствените состојби. | | |
| 11.4.4. | Ставката Материјални средства-Опрема е потценета за износ од 205 илјади денари за кој износ е потценета и состојбата на Државниот-јавен капитал, поради не евидентирање на набавена компјутерска опрема за потребите на локалните избори, а потоа останата за потребите на општина Чаир и неевидентираните набавени четири мобилни телефони. Тоа е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереални состојби на материјалните средства восметководството и Билансот на состојба за 2005 година. | Надлежното одделение за сметководство да превземе мерки и да изврши евидентирање на набавената опрема согласно важечките законски прописи. | Спроведена | |
| 11.4.5. | Општина Чаир гради админстративна зграда. Постапката за градба на објектот е започната во 2001 година со Одлука за јавна набавка број 08-602 од 26.12.2001 година која завршила со | Надлежните органи да преземат мерки за надминување на прашањето во врска | Спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | склучување договор број 08-602/18 од 08.03.2002 година со изведувачот „Вива Инжинеринг„ Ацо ДООЕЛ Скопје на износ од 105.488 илјади денари. За градбата од страна на надлежните во општина Чаир на ревизијата не е дадено на увид Одобрение-Дозвола за градење. Таков документ не е издаден поради не регулиран и неплатен надоместок за уредување на градежно земјиште за делот од 60% спрема градот Скопје кој според Налогот број 02/18-12-432/2 од 04.03.2002 година изнесува 13.117 илјади денари. Овој износ не е евидентиран во сметководството на општина Чаир поради што ставката Обврски спрема добавувувачите е потценета за износ од 13.117 илјади денари за кој износ е потценета и состојбата на ставката Активни временски разграничувања.<br>Градежните работи на овој објект од страна на изведувачот завршиле делумно со четврта времена ситуација заведена во општината под број 08-602/18 од ar и15.11.2002 година на износ од 91.091 илјада денари колку што е евидентирана вредноста на објектот во сметководството. На 24.10.2002 година со писмен допис изводувачот „Вива Инжинеринг„ Ацо ДООЕЛ Скопје ја известил општина Чаир, градоначалникот дека го раскинува договорот за | со обврската по основ на надомест за уредување на градежно земјиште спрема Градот Скопје. | | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ___________________________

*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | градење на административната зграда на општина Чаир, а согласно одредбите од членот 20 на истиот. Со тоа градбата на објектот е времено прекината.<br>Потоа, од страна на општината бил изготвен Рекапитулар на градежно-занаетчиски и занаетчиски работи и потребни средства за довршување на објект Административна зграда на општина Чаир во износ од 76.921 илјада денари. За довршување на работите на овој објект е склучен Меморандум за разбирање за Општинска зграда во општина Чаир – Скопје од 06.10.2005 година помеѓу Министерството за локална самоуправа на РМ, Општина Чаир и Европската агенција за реконструкција.<br>Градоначалникот на општина Чаир, по превземање на надлежностите за издавање одобренија за градба од страна на општините, за градба на овој објект има издадено Одобрение за градење број 08-226/7 од 09.02.2006 година во кое покрај другото е наведен доказ за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште бр. 05/508/2 од 25.12.2002 година 40% за делот на општина Чаир, без да биде платена и обврската од 60% спрема градот Скопје. Одобрението за градење број 08-226/7 од 09.02.2006 година е употребено како дел од документацијата за | | | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | добивање на меѓународна донација на средства за довршување на општинската зграда од Европската агенција за реконструкција. | | | |
| 11.5. | **Не применување на одредбите од Законот за јавни набавки** | | | |
| 11.5.1. | При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки (Службен Весник 19/04...109/05 ) и тоа:<br>- нема Годишен План за јавни набавки за вкупните потреби за набавките во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката на реализација на набавките и постапката за јавни набавки која ќе ја користи,<br>- не се води и пополнува Образец-Регистар за секоја одделна јавна набавка, па истите не се доставени до Бирото за јавни набавки,<br>- склучените Договори за секоја пооделно јавна набавка не се доставени до Бирото за јавни набавки,<br>- склучени се и Анекс Договори за кои немаат добиена претходна согласност од Бирото за јавни набавки и тоа: Анекс Договор склучен со Љоки Комерц Скопје, бр.08-640/21 од 22.11.2005 година, Анекс кон Договор склучен со М- | Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката. | Делумно спроведена | Нема изјави за конфликт на интереси |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Златимор Трејд од Чучер Сандево, бр.08-641/18 од 29.12.2005 година, Анекс Договор склучен со Урбан Инвест Кавадарци, бр.08-116/16 од 16.09.2004 година, Анекс Договор склучен со Урбан Инвест Кавадарци,<br>бр.08-144/12 од 16.09.2004 година и Анекс Договор склучен со Урбан Инвест Кавадарци, бр.08-136/13 од 10.12.2004 година,<br>- немаат изготвено тендерска документација (освен спецификација) за секоја одделно јавна набавка,<br>- немаат потпишано изјави за конфликт на интереси за секоја одделно јавна набавка,<br>- не се почитуваат крајните рокови за прием на понудата кои се пократки од 52 дена од денот на испраќање на повикот за објавување, или отварањет на понудите се врши без присуство на понудувачите,<br>- не се води посебна евиденција на набавките од мала вредност,<br>- постапките за набавките од мала вредност се водат спротивно на Законот за јавни набавки,<br>- општината го нема утврдено организациониот облик или лице кое ќе биде одговорно за собирање на понудите од кандидатите кај набавките од мала вредност.<br>- Спротивно на член 72 од Законот за јавни | | | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | набавки извршени се 92 набавки од мала вредност во вкупен износ од 6.237 илјади денари без да се спроведе постапка за јавна набавка (Прилог број 1);<br>- Спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки извршени се 6 набавки во вкупен износ од 3.310 илјади денари без да се спроведе постапка за јавна набавка (Прилог број 2);<br>Неспроведувањето на постапки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени. | | | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________